# *РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ*
## *„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ОПШТИНА ЦЕНТАР, СКОПЈЕ*
**за период 2023 - 2027 година**



*септември, 2023*

## ***Преамбула***

Развојното планирање на ООУ „Гоце Делчев“ – Центар, Скопје е изработено врз основа на Законот за основно образование (член 49, став 1 и 2), Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште (бр 18-6579/1 од 6.07.2020), Закон за наставници и стручни соработници во основното училиште, Законот за работни односи (член 30-35 и 40-46), Законот за јавни набавки (член 1-3 и 15-19), Статутот на училиштето, *Извештај* од интегрална евалуација на училиштето и *Извештајот од самоевалуацијата* на училиштето (2021-2023).

По претходно добиено позитивно мислење од Наставничкиот совет и Советот на родители, Директорот на ООУ ,,Гоце Делчев” – Скопје, предложи *Развојна програма за работа на училиштето* до Училишниот одбор.

По разгледување на предлогот, Училишниот одбор на ООУ ,,Гоце Делчев” – Скопје, на одржаната седница на ден 06.10.2023 година, ја усвои *Развојната програма за работа на училиштето* за периодот 2023 – 2027 година.

| Развојна програма на училиштето | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ ,,Гоце Делчев“- Центар, Скопје |
| Адреса | Градски ѕид бр.34, Скопје |
| Телефон, e-mail | 02 3129 - 062<br>gocedelcevsk@yahoo.com |
| Период на подготовка на Развојната програма на училиштето | август, септември 2023 |
| Број на ученици во училиштето | 452 |
| Број на подрачни училишта | / |
| **Училиштен директор** | 1 |
| Име и презиме | Маја Ангелова |
| Потпис | |
| Датум | септември, 2023 |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Давор Пашовски |
| Потпис | |
| Датум | септември, 2023 |

**Содржина**


1. **Податоци за основното училиште**

   1.1. Идентификациони податоци за училиштето
   1.2. Историјат на основното училиште

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)**

4. **Мисија и визија на основното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

# 1. *Податоци за основното училиште*

## 1.1. Идентификациони податоци за основното училиште

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ООУ “Гоце Делчев“- Центар, Скопје |
| Адреса | Градски ѕид бр.34, Скопје |
| Телефон | 02 3129 062 |
| Место, општина | Скопје, Центар |
| Веб-страница | gocedelcev.mk |
| Е-маил | gocedelcevsk@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 4 февруари |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 551 $м^2$ |
| Училиштен двор (m2) | 1986 $м^2$ |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 600 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 452 |
| Број на паралелки | 19 (10 одделенска и 9 предметна настава) |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | 1 (една) |

| | |
|---|---|
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | / |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | веб страна на училиштето www.gocedelcev.edu.mk |

## 1.2. Историјат на основното училиште

Основното училиште „Гоце Делчев“ – Центар, се наоѓа во централното градско подрачје на општина Центар. Училиштето е самостојно, деветгодишно и ги опфаќа учениците од општина Центар, односно реонизација која се протега меѓу улиците: Вељко Влаховиќ, Народен фронт, Мито Хаџивасилев – Јасмин, Даме Груев и плоштадот Македонија.

Училиштето е основано од собрание на Општина Идадија, со одлука бр. 08-25629 од од 28.12.1965, а е верифицирано со Решение бр.2218 од 26.06.1984 од Собранието на Општина Центар, општински комитет за образование, култура и физичка култура, бр. 15 – 2218 од 07.07.1984 година.

Прекрасната зграда во која порано беше сместено училиштето се наоѓаше помеѓу денешните улици „Даме Груев“, „Максим Горки„ и „27 Март“ (денешна „Никола Кљусев“). Денес детскиот џагор се слуша од новиот сквер, кој го замени прекрасниот училишен двор во далечната 1958 година. Во близина е Друштвото на Писатели на Македонија, легендарната кафеана „Кај Јоле“, која и денес ги собира на дружба скопските боеми, просториите на Швајцарската амбасада, како и популарниот „Custom pub”.

Поради големиот број на ученици училиштето беше поделено на два дела и функционираше како две посебни училишта: Гоце Делчев и Владимир Илич Ленин. Првата генерација во новата зграда на училиштето “Владимир Илич Ленин“ заврши во учебната 1962/63 година. И покрај страшниот земјотрес што го погоди Скопје таа година, зградата сепак не се сруши, но за жал старата зграда на училиштето беше разрушена.

По распаѓањето на бившата СФРЈ училиштето си го врати своето старо име ОУ “Гоце Делчев“ - Центар и од тогаш многу генерации поминаа и редеа многубројни успеси. Самото училиште со помош на општината се реконструираше и доградуваше, за да се подобрат условите за учење на децата. Така на пример во 2013 година беше пуштена во употреба и новата фискултурна сала од Општина Центар, а во 2018 година беа доградени и пуштени во употреба и уште неколку нови училници, како и лифт за деца со посебни потреби.

Спомени... историја... прекрасни, но и трагични моменти кои го одбележиле битисувањето на основното училиште „Гоце Делчев“. Сепак, приказната продолжува понатаму со нов детски џагор и жар за подобра иднина. Основното училиште „Гоце Делчев“ е и ќе биде врежано во меморијата на минатите, сегашните и идните генерации кои и понатаму ќе ја раскажуваат приказната за „Гоце”, како светла приказна за нашиот Центар, за нашиот град.

## 2. ***Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето***

| **Стратешка цел 1** | **Развојни цели** | Целосно реализиран а | Делумно реализиран а | Нереализирана | Образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција | 1.1 Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција | ✓ | | | |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** | Целосно реализиран а | Делумно реализиран а | Нереализирана | Образложение |
| Унапредување воспитно-образовниот процес | 2.1 Планирања на наставниците | ✓ | | | |
| | 2.2 Задоволување на потребите на учениците | ✓ | | | |
| | 2.3 Искуства на учениците од учењето | ✓ | | | |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** | Целосно реализиран а | Делумно реализиран а | Нереализирана | Образложение |
| Осовременување, реконструкција и проширување на просторните капацитети и материјално-техничките средства | 3.1 Осовременување на наставни средства со современи и нови наставни средства и материјали | | ✓ | | Училиштето има потреба од доопремувањ е со ИКТ опрема |
| | 3.2 Осовременување со информатичко компјутерска технологија | | ✓ | | Застареност и дотраеност на опремата |
| | 3.3 Унапредување на професионалните компетенции на наставниот кадар | | ✓ | | Се јавува потреба од дисеминација на обуки и споделување на добри практики |
| | 3.4 Формирање и опремување на простор за училишната медиотека | ✓ | | | |
| **Стратешка цел 4** | **Развојни цели** | Целосно реализиран а | Делумно реализиран а | Нереализирана | Образложение |
| Унапредување на учеството на | 4.1. Подобрување на учеството на | ✓ | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| учениците во животот и работата на училиштето | ученците во донесување одлуки и решавање проблеми | | | | |
| | 4.2. Зајакнување на демократската клима и култура во училиштето | ✓ | | | |

## 3. ***Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)***

Основното училиште „Гоце Делчев“ – Центар, се наоѓа во централното градско подрачје на општина Центар. Училиштето е самостојно, деветгодишно и ги опфаќа учениците од општина Центар, односно реонизација која се протега меѓу улиците: Вељко Влаховиќ, Народен фронт, Мито Хаџивасилев – Јасмин, Даме Груев и плоштадот Македонија.

Наставата во училиштето се изведува на македонски јазик. Во последните четири години училиштето работи по наставните планови и програми одобрени од МОН и изготвени од БРО споден новата концепција воведена 2021/2022. Освен задолжителните предмети учениците имаат и изборни предмети од различни области .

Учениците поминуваат по 6 наставни часа во училиштето според новата Концепција.

Преостанатото време од периодот што ќе го поминуваат во училиштата се одморите меѓу часовите, а другиот дел е на одделенски час, дополнителни активности поврзани со наставата или воннаставни активности.

Професионалниот развој на наставниците, стручните соработници и другите вработени беше во насока на инклузија на деца со посебни образовни потреби, насоки за реализација на новите наставни програми по музичко образование, граѓанско образование , англиски јазик и германски јазик. Освен овие обуки и семинари потребни се и многу други обуки за подобрување на компетенциите на наставниците и стручните соработници, за кои раководниот тим и тимот за професионален развој на наставниците и стручните соработници ќе треба редовно да испраќаат дописи до БРО и МОН.

## SWOT анализа

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| - Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП и ЛППР.<br>- Во училиштето има пропишани приоди и утврдени процедури за следење на квалитетот на планирањата на наставниците и реализацијата на наставата.<br>- Училиштето им нуди на учениците избор на изборен предмет.<br>- Наставниците користат стратегии на поучување кои соодветствуваат на образовните потреби и можности на учениците и нивните стилови на учење.<br>- Се применува диференциран пристап во наставата.<br>- Различните ресурси се употребуваат на функционален начин и во насока на примена на современи приоди во наставата.<br>- Нашето училиште обезбедува еднаквост на сите ученици, независно од етничката припадност и култура.<br>- Наставниците се проактивни во создавање клима за надминување на стереотипи и предрасуди.<br>- Во училиштето има добри примери на активности преку кои се негува меѓуетничката интеграција во образованието и мултикултурализмот.<br>- Учениците го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна и мотивирачка средина.<br>- Наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци.<br>- Наставниците даваат афирмативни коментари за | - Недоволна соработка меѓу стручните активи.<br>- Недоволна посетеност од учениците на часовите за додатна настава поради обемноста на наставните програми и бројот на часови, како и вонучилишните активности (јазични курсеви, спортски тренинзи, приватни часови итн.).<br>- Категоријата „посебни потреби“ кај децата е поширока - треба да има рангирање и критериум кај случаите со потешки посебни потреби, особено кон оние ученици кои пројавуваат агресивност кон себеси, другите деца и наставниците.<br>- Инклузијата на деца со посебни потреби во воспитно образовниот процес освен секундарната социјализација не допринесува во доволна мера за развој на децата со посебни потреби.<br>- Некои родители одбиваат да ги прифатат насоките дадени од стручната служба и наставниците со што се усложнува целиот образовен процес.<br>- Повремено неевидентирање на неоправданите изостаноци направени од доцнење поради недостаток на стабилен интернет или преоптовареност на електронскиот дневник.<br>- Недоволен кадар (психолог, социјален работник, технички персонал).<br>- Недеволно задоволителна хигиена во училиштето.<br>- Училиштето практикува ажурирање на содржината на кодексот на однесување, но треба почесто.<br>- Недоволна опременост со ИКТ и обука на наставниците за стекнување / развивање ИКТ вештини. |

| | |
|---|---|
| активностите на ученикот.<br>- Училиштето системски ги идентификува образовните потреби на учениците и презема активности за задоволување на истите.<br>- Училиштето има дефинирана политика за следење, анализа и поддршка на оценувањето.<br>- Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.<br>- Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, е поголем од 0,9.<br>- Училиштето планира и реализира воннаставни активности кои ги одразуваат и задоволуваат потребите и интересите на учениците и кои го поддржуваат нивниот личен и социјален развој.<br>- Учениците со помош на наставниците се вклучени во проекти и воннаставни активности (културни и спортски), преку кои се промовираат и вреднуваат постигањата на учениците.<br>- Наставниците се сензибилизирани за детектирање на учениците со потешкотии и надарените и талентирани ученици.<br>- Училиштето има воспоставена соработка со родителите преку организирани трибини, предавања, работилници, посети во работни организации во кои тие се вработени.<br>- Систематски се следи, споредува и анализира состојбата со успехот и постигањата на учениците.<br>- Секое тримесечие се прави анализа на успехот и поведението на учениците и се врши споредба со претходното тримесечие или со претходната учебна година.<br>- Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност.<br>- Учениците имаат можност да членуваат во бројни | |

| | |
|---|---|
| слободни ученички активности.<br>- Училиштето има критериуми за оценување на учениците и ги почитува стандардите, пропишани од БРО.<br>- Подобрување на постигањата на учениците преку примена на современи форми и методи во наставата.<br>- Средбите со родителите добро се организирани, а за постигањата на учениците родителите добиваат евидентни листови, свидетелства, дипломи.<br>- Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските и предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.<br>- Посетата на дополнителната настава влијае за подобрување и продлабочување на знаењата на учениците.<br>- Наставниците, родителите и учениците остваруваат одлична комуникација и соработка во реализирање на наставата.<br>- Училиштето е препознатливо во локалната средина и редовно се промовира преку медиумите.<br>- Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените.<br>- Во училиштето функционира Ученички парламент и учениците навремено и целосно се информирани од страна на претставникот на Ученичкиот парламент за работи кои се од нивен интерес.<br>- Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата.<br>- Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето им се достапни на родителите во пишана и/или електронска форма.<br>- Училиштето е отворено за соработка со локалната средина и ги вклучува родителите и пошироката заедница во воспитно-образовниот процес. | |

| | |
|---|---|
| - Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето при насилство.<br>- Во училиштето се води кампања за здрава исхрана.<br>- Во училишната зграда еднаш годишно се врши симулација за брзо напуштање на зградата во случај на елементарни непогоди и друга опасност.<br>- Училиштето дава помош и поддршка на учениците од социјално загрозени семејства.<br>- Училиштето обезбедува реализација на настава за учениците што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава.<br>- Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието.<br>- Вработените во училиштето се сензибилизирани за работа со деца со посебни потреби, има одлична соработка со училиштето ,,Иднина“ и секое дете со посебни потреби е покриено со образовен асистент.<br>- Училиштето се грижи за децата со емоционални проблеми.<br>- Во училиштето има истакнато знаци на видни места за забрана на пушење и има работилници за превенција од цигари, алкохол и дрога.<br>- Информации за наставниците што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката за реализирање.<br>- Во училиштето се практикува соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето одлуки.<br>- Училиштето обезбедува потребен потрошен материјал за реализација на наставните и воннаставните активности.<br>- Наставниците учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно со нивните потреби.<br>- Училиштето ги поттикнува наставниците стручно да | |

| | |
|---|---|
| се усовршуваат.<br>- Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното работење на наставниците.<br>- Наставниците се запознаени со финансиските планови , извештаи , со трошењето на буџетот на училиштето.<br>- Директорот подеднакво ги распределува обврските и задачите на сите наставници.<br>- Директорот соодветно го менаџира техничкиот персонал.<br>- Училиштето ги поттикнува родителите активно да се вклучат во различните активности во училиштето.<br>- Информирани се родителите од страна на претставникот од советот на родители за приоритетите кои треба да се постигнат во следниот период.<br>- Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки.<br>- Училишната библиотека е достапна за сите ученици.<br>- Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен.<br>- Учениците се информирани за активности ги планира училиштето за следниот период.<br>- Учениците можат да земат книга/лектира од училишната библиотека/медијатека во секое време.<br>- Училиштето обезбедува навремена замена при отсуство на наставник.<br>- Учениците навремено се запознаени со сите потребни информации (преку вибер групи, ФБ и веб страната на училиштето). | |
| **Можности (прилики) кои произлегуваат од училиштето и опкружувањето** | **Закани, пречки (опасности) кои призлегуваат од училиштето и неговото опкружување** |
| - Доделување на повеќе финансиски средства од | - Расте бројот на ученици со потешкотии и посебни |

| | |
|---|---|
| буџетот на Општината за набавка на нагледни средства, ИКТ опрема, котизација за натпревари и професионален развој на наставниот кадар.<br>- Дополнителна обука на наставниот кадар за аплицирање на проекти.<br>- Остварување на соработка со други основни училишта во земјата и странство / вмрежување со други училиште.<br>- Инфраструктурни подобрувања во однос на: ревитализација на тениски терен и уредување на училишниот двор.<br>- Изнаоѓање на можности за донаторски средства<br>- Поддршка и вклученост на родителите во заеднички активности и акции од хуманитарен, еколошки и забавен карактер.<br>- Родители од бизнис сектор, амбасади, невладини организации, урбана заедница, банки, општина Центар | образовни потреби, а одредени ученици со потешкотии во учењето немаат наод и мислење од соодветни здравствени установи.<br>- Недостаток на мал број на образовни и лични асистенти.<br>- Неповолна економска ситуација во земјата.<br>- Преобемен наставен план и програми зголемен фонд на часови.<br>- Административни пречки при обезбедување на спонзорства, донации и јавно приватно партнерство.<br>- Недостаток на финансии за набавка на нагледни средства. |

## *4. Мисија и визија на основното училиште*

Ние сме училиште кое ги поттикнува учениците да стекнуваат знаења, формираат ставови и развиваат вештини кои ќе им овозможат брзо и лесно прилагодување кон новите предизвици, како во животот, така и во идната професија.

Учениците ги мотивираме и насочуваме да практикуваат толеранција и емпатија, како меѓу поединците, така и меѓу етничките, социјалните, културните и религиските групи; ги подготвуваме за активно учество во општествениот живот и за креативни решенија на проблемите со кои ќе се соочат.

Ние, нашите ученици не ги учиме само на знаење, туку и на акција!

Наша **ВИЗИЈА** (цел) е учениците да ги интегрираме инклузивно, интеркултурно и мултикултурно!

А, како до нашата цел?
- преку мотивирање на сите чинители за градење средина во која се негува соживот, толеранција и инклузивна, интеркултурна и мултикултурна соработка.

**МИСИЈА** (пат до целта):

Патот до успехот е секогаш во изградба!
Секогаш и од секого можеш да научиш нешто ново!
За да ја оствариме нашата визија си поставивме неколку цели:
- зајакнување и унапредување на соработката меѓу стручните активи преку споделување добри практики;
- подобрување на училишната клима и односите во училиштето преку ревидирање на кодексите и правилниците, со учество на учениците;
- употреба на современи стратегии за менаџмент, применети од страна на наставниците и стручните соработници;
- подобрени услови за современа квалитетна настава преку доопремување на училиштето со ИКТ и развивање компетенции за ефективно користење на ИКТ во наставата.

## 5. *Избрани приоритети и образложение за секој од нив*

| Приоритет | Образложение |
|---|---|
| **Доопремување на училиштето со ИКТ и обука на наставниците за стекнување / развивање ИКТ вештини** | Следењето на светските текови и реалните потреби на наставниците и учениците, преку набавка на нова ИКТ опрема, ќе се одрази на квалитетот и осовременувањето на наставниот процес.<br>Наставниците ќе имаат големи придобивки по однос на личниот раст и развој, преку споделување на нови знаења со колегите и учениците.<br>Дополнително, споделувањето на добрите искуства и практики од учеството на меѓународни и европски проекти ја развиваат свеста за глобално образование. |
| **Зајакнување на соработката меѓу стручните активи, преку дисеминација и споделување добри практики** | Соработката меѓу стручните активи допринесува за создавање на стимулативна средина за учење, познавање на учениците и излегување во пресрет на нивните потреби, комуникација и соработка помеѓу семејството и заедницата, инклузија на учениците со ПОП и реализирање на активности за интегрирање на содржините и постигнување на меѓупредметните цели.<br>Дополнително, колективот постојано се проширува со нов наставен кадар кој има потреба од помош и поддршка, на ниво на стручните активи. |
| **Ревидирање на постоечките кодекси и правилници** | Ревидирањето на постоечките кодекси и правилници, согласно спецификите на локалната средина, рефлексија и насоки за подобрување на правилниците согласно новите предизвици.<br>Поставување на високи училишни стандарди за успех, позитивен став кон себе и другите и развивање на животните вештини.<br>Потребата произлегува со цел вклучување на сите чинители и следење и излегување во пресрет на новите потреби. |

## 6. *Дефинирани стратешки и развојни цели*

| Приоритет/и | Стратешка цел |
|---|---|
| **Доопремување на училиштето со ИКТ и обука на наставниците за стекнување / развивање ИКТ вештини** | Подобрени услови за квалитетна современа настава |
| **Зајакнување на соработката меѓу стручните активи, преку дисеминација и споделување добри практики** | Зајакната / унапредена соработка меѓу стручните активи |
| **Ревидирање на постоечките кодекси и правилници** | Подобрување на училишната клима и односите во училиштето |

| Стратешка цел 1 | Развојни цели |
|---|---|
| Подобрени услови за квалитетна современа настава | 3.1. Доопремување на училиштето со ИКТ |
| | 3.2. Подобрени компетенции за ефективно користење на ИКТ во наставата |
| **Стратешка цел 2** | **Развојни цели** |
| Зајакната / унапредена соработка меѓу стручните активи | 1.1. Квалитетни планови на активности на стручните активи |
| | 1.2. Компетентни членови на стручните активи кои ќе оддржуваат дисеминации и ќе споделуваат добри практики |
| | 1.3. Подобрени практики за дисеминирање на сознанијата од посетените обуки |
| **Стратешка цел 3** | **Развојни цели** |
| Подобрување на училишната клима и односите во училиштето | 2.1. Ревидирани кодекси и правилници со учество на учениците |
| | 2.2. Подобрена училишна клима преку современи стратегии за менаџмент, применети од страна на наставниците и стручните соработници |

## 7. *Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето*

| Стратешка цел 1<br>Подобрени услови за квалитетна современа настава | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 1.1. Доопремување на училиштето со ИКТ (сменета – според забелешките)** | | | | | | |
| *Активности* | *Индикатори за успех* | *Реализатори* | *Временска рамка за имплементација* | *Потребни ресурси* | *Тим за следење на реализација на активностите* | *Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите* |
| Обуки за наставници од БРО, семинари од општина, дисеминација, обуки за наставници од Црвен Крст, ЕРАЗМУС,набавка на лап топ за наставниците, обезбедување стабилен оптички интернет во училиштето | Обучени наставници , зајанување на стручни активи , Зајакнување на професионалн и компетенции задоволсво и споделување на искуствата со учениците , Поголема мотивираност на учениците | Наставници од одделенска настава-јазична група, предметни наставници, библиотекар, стручна служба и директор | Активност 1,2,3,4,5 континуирано Активност 6,7 во првата година | Лап топ, смарт табли, проектори, интерни обуки, финансиски ресурси | Ментор, одговорни на стручни активи, стручна служба, директор | План за обуки, план за тим билдинг,<br>- Личен професионален план за развој, сертификати, награди |
| **Развојна цел 1.2. Подобрени компетенции за ефективно користење на ИКТ во наставата (сменета – според забелешките)** | | | | | | |
| *Активности* | *Индикатори за успех* | *Реализатори* | *Временска рамка за имплементација* | *Потребни ресурси* | *Тим за следење на реализација на активностите* | *Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите* |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| -Тим билдинг, градење на ефективни професионални тимови,<br>-Заеднички, колективни активности<br>-Споделување на добри практики и десиминицаија од спроведените семинари | Зајакната соработка меѓу одделенска и предметна настава<br>Реализација и имплементација на споделените добри практики во воспитно образовниот процес | Одделенски и предметни наставници<br>Стручни соработници<br>Директорка | Од март 2024 до септември 2024 год.<br>(градење на тимови)<br>Континуирано до 2027 год | Сала за конференции и семинари<br>Обуки, презентации, дискусии и панели<br>Лап топ, смарт табли, проектори, финансиски ресурси | Стручна служба<br>Тимот за професионален развој<br>Директорка | Чек листи<br>Евидентни листи<br>Листи за самопроценка<br>Личен професионален план<br>Евалуациони листи од обуките |

| **Стратешка цел 2<br>Зајакната / унапредена соработка меѓу стручните активи** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 2.1. Квалитетни планови на активности на стручните активи** | | | | | | |
| *Активности* | *Индикатори за успех* | *Реализатори* | *Временска рамка за имплементација* | *Потребни ресурси* | *Тим за следење на реализација на активностите* | *Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите* |
| Формирање на тимови во рамките на стручните активи | Формирани тимови | Одговорните наставници на стручни активи<br>Стручни соработници<br>Директор | Септември - август | Компјутер/ лаптоп<br>Канцелариски потрошен материјал | Формираните тимови во рамките на секој стручен актив | Списоци за присутност<br>Записници од одржаните состаноци на стручните активи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изготвување на програми за активности | Изготвени програми/ Дефинирани содржини | Формираните тимови | Септември - јануари | Компјутер /лаптоп Канцелариски потрошен материјал | Формираните тимови во рамките на секој стручен актив | Споделување на програмите со сите членови на стручниот актив |
| **Развојна цел 2.2. Компетентни членови на стручните активи кои ќе оддржуваат дисеминации и ќе споделуваат добри практики** | | | | | | |
| *Активности* | *Индикатори за успех* | *Реализатори* | *Временска рамка за имплементација* | *Потребни ресурси* | *Тим за следење на реализација на активностите* | *Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите* |
| Изготвување на самопроценка на компетенциите на членовите на стучните активи | Чек листа | Одговорните наставници на стручни активи Стручни соработници Директор | Септември - декември | Компјутер /лаптоп Канцелариски потрошен материјал | Стручни соработници директорка | Индикатори за компетенции<br>- Извори на информации за следење на индикатори |
| Идентификување на членовите на стручниот актив кои можат да ги понудат своите компетенции како поддршка за развој на нивните колеги | Списоци на наставници реализатори на обуките | Одговорните наставници на стручни активи Стручни соработници Директор | Септември - декември | Компјутер/ лаптоп Канцелариски потрошен материјал | Формираните тимови во рамките на секој стручен актив | Списоци на учесници на обуката Евалвација на обуката |
| **Развојна цел 2.3. Подобрени практики за дисеминирање на сознанијата од посетените обуки** | | | | | | |
| *Активности* | *Индикатори за успех* | *Реализатори* | *Временска рамка за имплементација* | *Потребни ресурси* | *Тим за следење на реализација на активностите* | *Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите* |
| Планирање на активности за реализирање на | Одржани средби на стручниот | Одговорните наставници на стручни | Јануари – август 2024 | Нагледни средства | Формираните тимови во рамките на секој | Формат за следење на час Записници од |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| нагледни часови<br>Следење на нагледни – отворени часови од стручната служба, проценка на компетенции и давање на повратна информации | актив и планирање на нагледни часови<br>Обучени 34 наставници, претставници од стручна служба и директор<br>Посетени и оценети наставни часови пред и по обука<br>Подобрени компетенции | активи<br>Стручни соработници<br>Директор | | | стручен актив | состаноци на стручен актив<br>Записници од состаноци од Советот на родители и ученички парламент |
| Планирање на активности за одржување на дисеминации во самото училиште и надвор од него | Одржани средби на стручниот актив изготвен план за релизирање на активности за изведување на дисеминации | Одговорните наставници на стручни активи<br>Стручни соработници<br>Директор | Јануари - август | Финансиски ресурси | Формираните тимови во рамките на секој стручен актив | |
| Барање на понуди и избор на најсоодветна понуда за сместување | Организирано патување и сместување за 34 наставници<br>Претставници од стручна служба<br>Директорка | Комисија | Март до септември 2024 | Финансиски ресурси за престој и обука | Комисија за организирање на патувањето | Списоци на учесници на обуките |

| **Стратешка цел 3<br>Подобрување на училишната клима и односите во училиштето** | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Развојна цел 3.1. Ревидирани кодекси и правилници со учество на учениците (сменета – според забелешките)** | | | | | | |
| *Активности* | *Индикатори за успех* | *Реализатори* | *Временска рамка за имплементација* | *Потребни ресурси* | *Тим за следење на реализација на активностите* | *Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите* |
| Избор на нов ученички правобрани-тел во училиштето | Избран нов ученички правобрани-тел | Тим за поддршка на ученичкиот парламент<br><br>Педагог | Во првата година од 2023-2027 год. | Хартија,компјутер, интернет | Директор<br>Педагог<br>Ментор | Записник во кој што може да се провери и потврди кој ученик е избран за ученички правобранител |
| Учество на членовите на Ученичкиот Парламент во ревидирањето и измените во постоечкиот кодекс на однесување на учениците и правилникот за педагошките и дисциплински мерки при прекршување на истиот. | Предлози од Ученичкиот Парламент на нивните состаноци | Тим за поддршка на ученичкиот парламент<br>Претставници на ученички парламент<br>Педагог | Во првата година од 2023-2027 год. | Хартија,компјутер, интернет | Директор<br>Педагог<br>Ментор | Нов ревидиран кодекс на однесување и правилник за педагошки и дисциплински мерки |
| **Развојна цел 3.2. Подобрена училишна клима преку современи стратегии за менаџмент, применети од страна на наставниците и стручните соработници (сменета – според забелешките)** | | | | | | |
| *Активности* | *Индикатори за успех* | *Реализатори* | *Временска рамка за имплементација* | *Потребни ресурси* | *Тим за следење на реализација на активностите* | *Инструменти/извори на информации за следење на* |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | *индикаторите* |
| Обука на наставници за менаџмент во училница и разрешување на конфликти помеѓу ученици и дисеминација во училиштето за истите | Успешно реализирани обуки од страна на стручни лица и успешна дисеминација на истите | БРО, МОН, наставници и стручна служба | Континуирано за време на 2023-2027 год.- од прва до четврта година | Хартија,компјутер, интернет, проектори, финансиски ресурси | Директор Педагог Ментор | Програма за планирани обуки, личен професионален развој и сертификати, список на наставници кои што посетиле обука |
| Споделување искуства со наставниците и стручната служба за унапредување на наставните практики- дисеминација | Подобрени компетенции се проценети кај 90% од наставниците и стручната служба | Директор, стручна служба и наставници | Континуирано за време на 2023-2027 год.- од прва до четврта година | Хартија,компјутер, интернет, проектори, финансиски ресурси | Директор Педагог Ментор | Програма за планирани дисеминации, список на наставници кои што посетиле дисеминација |

**Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

Маја Ангелова - директорка
Сузана Аврамовска - педагог
Соња Илиевска Гоџирова – наставник ментор
Наташа Јосимовска Георгиева – одделенски наставник
Маја Ѓорѓиевска – предметен наставник
Калина Митевска – предметен наставник
Сања Трајкоска – предеметен наставник

***Дата:***

___________ . 2023, Скопје

***Директорка:***

Маја Ангелова _________________

***Претседател на УО:***

Давор Пашовски ________________